Република Македонија
Совет за радиодифузија
Бр.02-4601/1
23.12.2011 година
С к о п ј е

До ________________________

Врз основа на член 33 став 4 од Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ" бр.100/05, 19/07) и член 4 став 3 од Деловникот за работа на Советот за радиодифузија (Пречистен текст), Претседателот на Советот ја закажува како **јавна 21-та** седница на Советот за радиодифузија на РМ за **27.12.2011 година (вторник), со почеток во 10,00 часот.**

За седницата се предлага следниот:

**Д н е в е н  р е д**

1. Усвојување на Записникот од 9-та седница на Советот, одржана на 13.04.2011 година, за која имаше и 13 продолженија, одржани во периодот од 19.04.2011 до 17.08.2011 година.
2. Предлог-Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.
3. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Протел (Пробиштип) емитуван на 2 ноември 2011 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Кочани (Кочани) емитуван на 4 ноември 2011 година.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Канал 8 (Кочани) емитуван на 5 ноември 2011 година.
6. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Свет (Свети Николе) емитуван на 3 ноември 2011 година.
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Нова од Куманово емитуван на 29 октомври 2011 година.
8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Далга Крт од Куманово емитуван на 27 октомври 2011 година.
9. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Феста од Куманово емитуван на 31 октомври 2011 година.
10. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Хана од Куманово емитуван на 15 ноември 2011 година.
11. Информација во врска со трговските радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервис преку сателит, кои најдоцна до 1-ви декември 2011, до Советот за радиодифузија на РМ, требаа да достават известување дали го емитуваат програмскиот сервис преку сателит.
12. Информација во врска со Барањето од ЈП „Македонска радио телевизија" – Скопје, бр.03-4312/1 од 02.12.2011 година, за вршење мониторинг и преземање мерки против ТРД „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје, поради непочитување на член 161 од Законот за радиодифузната дејност, односно несоодветно емитување извадоци од емисии од други радиодифузери.
13. Извештај од вториот работен состанок и од презентацијата на Нацрт – извештајот на Република Македонија за Среднорочниот универзален периодичен преглед, изработен од Емилија Петревска-Камењарова и Симона Темелкова,
14. Извештај од учеството на регионалниот семинар „Родова еднаквост и медиумите" на УНЕСКО, изработен од Емилија Петревска-Камењарова.
15. Разно.

Седницата ќе се одржи во просториите на Советот за радиодифузија на Република Македонија, на бул. “Маркс и Енгелс” бр.3 - Скопје (деловен простор на “Агромеханика” АД Скопје).

**СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран СТЕФАНОСКИ**

*Изработил: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*